ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
INTEGRATED BUSINESS FACULTY

Бул. 3-та Македонска Бригада бр. 66А, 1000 Скопје, тел. 02 2402 160, 02 2402 161, e-mail: fbe@fbe.edu.mk web: www.fbe.edu.mk

Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 10-152/1
25 03 2022 год.
СКОПЈЕ

**КОНКУРС**

**за мобилност на кадар ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС+**

Согласно Erasmus + Повелбата за Високо Образование (Erasmus Charter for Higher Education) за периодот 2014-2020 година и склучените меѓуинституционални Еразмус договори, Факултетот за бизнис економија објавува **Конкурс за мобилност на наставен и ненаставен (административен) кадар во рамките на Еразмус + програмата, за користење на грантот од академската 2020/2021 година.**

Мобилноста се остварува во рамките на високообразовни установи со кои ФБЕ има склучено институционални договори (листа на Еразмус + договори на следниот линк http://www.fbe.edu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=431&Itemid=196&lang=mk).

Услови за избор:

1. кандидатот да има статус на вработен на ФБЕ и
2. бројот на претходни учества на Еразмус+ мобилности.

Заинтересираните кандидати потребно е да ја достават следната документација:

1. покана од институција – домаќин за мобилност во рамките на Еразмус+ програмата (Invitation letter);
2. кратка биографија;
3. потврда за редовен работен однос и претходни учества на Еразмус + мобилност и

4. договор за мобилност на кадар пополнет од страна на кандидатот, вклучително со Предложената програма за работа, односно план за мобилност кој е составен дел од Договорот за мобилност.

Заинтересираните кандидати може да се обратат за информации кај Еразмус + координаторот, д-р Адријана Булевска Зариќ, до кого се доставуваат документите за аплицирање.

Рокот за аплицирање за мобилност на наставен и ненаставен (административен) кадар во рамките на Еразмус + програмата, за користење на средства од грант за академската 2020/2021 година е од 28.03.2022 година до 01.04.2022 година.

Еразмус + Координатор,

Д-р Адријана Булевска Зариќ